INTERNATIONAL MONETARY FUND
EXTERNAL RELATIONS DEPARTMENT

Изјава за печат Бр. 07/203
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ВЕДНАШ
25 септември, 2007

Меѓународен Монетарен Фонд
Вашингтон, 20431 САД

**Соопштение по завршетокот на мисијата на ММФ на Македонија**

Мисијата на ММФ претстојуваше во Скопје од 11 до 23 септември 2007 година со цел да ги продолжи разговорите за третиот преглед од Стенд бај аранжманот и по завршетокот на мисијата на 23 септември го издаде следново соопштение.

"Постигнат е напредок, меѓутоа остануваат неколку прашања за завршување на третиот преглед. Тие вклучуваат: завршување на буџетот за 2008 година во кој ќе се задржи таргетот на дефицитот до 1,5 проценти од БДП во економската програма на владата; и завршување на структурните реформи наведени во последното Писмо на намери.

"Економските резултати оваа година беа значително добри. Растежот оваа година би требало да ги надмине 4,5-те проценти проектирани во програмата, но веројатно ќе биде нешто понизок од 7-те проценти колку што беше евидентирано во првиот квартал. Инфлацијата се зголеми на ниво малку повисоко од 2 проценти во август и може да се зголеми уште малку повеќе како резултат на повисоките цени на прехранбените производи предизвикани од сушата, пред повторно да се повлече во текот на наредната година. Повисоките даночни приходи ѝ овозможија на владата да ја зголеми потрошувачката притоа задржувајќи го буџетскиот дефицит на ниво од 1 процент од БДП. Каматните стапки на Народната банка, на нешто помалку под 5 проценти, се ниски според историските стандарди, а кредитниот пораст се зголемува. Изгледите за растеж во 2008 година се поволни, иако меѓународното економско опкружување стана извор на неизвесност.

"Владата најави политики што имаат импликации врз буџетот. Тие вклучуваат: зголемување на платите на јавниот сектор за 10 проценти во секоја од наредните три години; промена на формулата за индексирање на пензиите на 50 проценти според платите и 50 проценти според инфлацијата на потрошувачката, со што ќе се зголемат пензиите; селективно намалување на ДДВ; зголемени трошења за земјоделството; како и трошења заради набавка на компјутери за образованиeто и изградба на спортски сали. Тие се најавуваат како дополнение на постојните планови за намалување на стапките на персоналниот данок и данокот на добивка на претпријатија на 10 проценти.

"Владата исто така ја најави својата определба за одржување на својот буџетски дефицит како за 2008 така и на среден рок на ниво до 1,5 проценти од БДП. Мисијата силно ја поддржува ваквата определба, која е суштинска за одржување на инфлацијата на ниско ниво, за одржување на каматните стапки на ниско ниво и за контролирање на дефицитот на тековната сметка. Предизвикот сега е внимателно да се утврдат трошоците од овие предлози и истите да се усогласат со таргетот на буџетскиот дефицит. Мисијата е подготвена да им помогне на властите во овие настојувања.

Washington, D.C. 20431 • Telephone 202-623-7100 • Fax 202-623-6772 • www.imf.org

"Одреден број фискални ризици исто така треба да се отстранат или да се вклучат во буџетот за наредната година. Ова вклучува намалување на финансиските загуби на претпријатието за пренос на електрична енергија, МЕПСО, кои оваа година беа значителни; како и обезбедување достаточни средства за успешно спроведување на втората фаза од децентрализацијата на надлежностите од централно на локално ниво.

"Независноста на Народната банка обезбеди ниска инфлација и валутна стабилност. Заради тоа, новиот Закон за Народна банка треба да ја зачува независноста на Народна банка и да ја зајакне нејзината финансиска стабилност.

"Мисијата ги охрабрува властите да го намалат придонесот за здравствено осигурување за вработените со пократко работно време според бројот на фактички одработените часови и за постепено намалување на давачките за социјални придонеси за вработените со ниски плати намалувајќи ги истите до платите што тие фактички ги заработуваат. Ова намалување на давачките за вработените ќе се спротивстави на неформалната економија и ќе ја намали невработеноста.

"На крајот, Мисијата би сакала да им се заблагодари на македонските власти за нивната соработка во текот на целата мисија и на нивната голема гостопримливост. Се надева на брзо решавање на преостанатите прашања со што прегледот ќе може да биде комплетиран подоцна во текот на оваа година."